МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на членот 9 - 6 став 2 од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14 и 158/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕН ПРЕГЛЕД И НАЧИНОТ НА ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ НА ТУТУН НАД КОИ СЕ ВРШИ ФИТОСАНИТАРЕН МОНИТОРИНГ

## Член 1

Во Правилникот за начинот на спроведување на здравствен преглед и начинот на земање на примероци на тутун над кои се врши фитосанитарен мониторинг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2015) во член 6 во ставот (2) зборовите „се месеците мај и јуни“, се заменуваат со зборовите „е периодот на месеците април и мај (при поникнување на тутунот во леите пред расадување), јуни (после расадување на тутунот), како и во месец јули (при првата берба на тутунот)“.

## Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.17-107/4 Министер
за земјоделство,

27 април 2015 година шумарство
и водостопанство,

Скопје м-р
Михаил Цветков с.р.